Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел дневните настани 28.08.2022

На 27.08.2022 во 12.45 часот во Полициска станица Аеродром Ј.Т.(90) од Скопје пријавила дека на ул.Февруарски поход била касната од куче скитник.

На 27.08.2022 во 13.00 часот во Полициска станица Карпош С.М.(52) од Скопје пријавила дека во населба Трнодол во Скопје била касната од куче скитник.

Во текот на изминатата вечер (27/28.08.2022)во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Скопје спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 21 возач. За време на контролата биле санкционирани и 20 останати прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (27.08.2022) во периодот од 17.00 до 00.00 часот спроведена е засилена акциска контрола во делот на сообраќајот на територија на населба Чento во Скопје. При контролата санкционирани се 49 возачи, од кои седум за возење без возачка дозвола, три за користење мобилен телефон...

На 28.08.2022 во 05,30 часот во СВР Штип е пријавено дека на патот од с.Чифлик кон манастир „Св.Богородица" моторцикл „томос", управуван од Б.С.(67) од с.Чифлик, кочанско излетал надвор од патот. Во несреќата на место на настанот починал Б.С. Од екипа од итна медицинска помош констатирана е смрт. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кочани.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (27.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 238 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 78 санкции, 31 мерка за управување под дејство на алкохол, 21 мерка за возење без возачка дозвола, осум санкции за некористење на сигурносен појас.Изречени се 15 мерки за користење мобилен телефон, 16 мерки за нерегистрирани возила, осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), осум мерки за недавање првенство на минување на пешаци, седум санкции за возач почетник...

На 28.08.2022 околу 01.30 часот на патот Градско-Прилеп, товарно моторно возило „сканија" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Ј.(62) од Кавадарци удрило во тунел. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ѓ.Ј. кои му биле констатирани во Општа болница Кавадарци. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кавадарци.

На 27.08.2022 во 21.55 часот Љ.Ј.(32) од Скопје пријавил дека во месноста Козја патека на Шар Планина каде престојувал со уште неколку други лица планинари од Скопје, на планинарката Т.Ќ.(28) од Скопје и се слошило. Полициски службеници од Министерството за внатрешни работи и лекар на 28.08.2022 околу 00.00 часот пристигнале во планинарскиот дом-Љуботен и на истата и била укажана лекарска помош.

Во текот на изминатата вечер (27/28.08.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 135 возачи. Од нив 24 на територија на СВР Битола, 21 на територија на СВР Скопје, 20 на територија на СВР Охрид...

На 27.08.2022 околу 14.40 часот во СВР Штип е пријавено дека во Казнено поправна установа „Затвор Штип" по претходна расправија осуденикот Љ.Ѓ.(41) од Скопје со нож го нападнал осуденикот В.С.(48) од Струмица и му нанел убодни рани. В.С. е пренесен во Клиничка болница-Штип за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 13.20 часот во Полициска станица Центар, Г.У.(19) од Скопје пријавила дека во времето од 02,40 до 03,00 часот во близина на угостителски објект на подрачје на Центар таа и нејзиниот познаник М.Г. биле физички нападнати од две лица кои и одзеле ранец со лични документи и предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 05.20 часот во Полициска станица Струмица С.Н.(23) од Струмица пријавил дека околу 04.00 часот во Струмица бил физички нападнат од З.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 01.30 часот во Полициска станица Радовиш Д.Б.(21) од с.Злеово, радовишко пријавил дека во с.Злеово бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 22.15 часот во Полициска станица Валандово С.П.(46) од с.Марвинци пријавил дека околу 21.30 часот во с.Марвинци неговиот син по претходно недоразбирање бил физички нападнат од С.К.(30) од с.Марвинци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 18.25 часот во Полициска станица Неготино Р.Ѓ.(43) од Неготино пријавил дека околу 01,00 часот во Неготино неговиот син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 23.20 часот Љ.И.(40) од Скопје, пријавил дека на подрачјето на Гази Баба задната шофершајбна од неговото возило "мерцедес"била оштетена од залутано зрно. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во с. Арачиново, скопско од полициски службеници од СВР Скопје е приведен С.С.(68) од с. Арачиново откако тој самиот во полициска станица во 13.40 часот пријавил дека во сопствениот дом во с. Арачиново, испукал куршум од пиштол „Црвена Застава" кал.7.65мм кон неговата сопруга З.С.(59). З.С. е пренесена во комплекс клиники „Мајка Тереза" каде и се констатирани тешки телесни повреди. За настанот е запознаен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2022 во 02.20 часот во Гостивар од полициски службеници од Полициска станица Гостивар приведени се Ш.Т.(28), Л.С.(48) и А.Џ.(45) сите од Р. Албанија затоа што на 27.08.2022 околу 20,45 часот во близина на угостителски објект на крстосница во Гостивар, по претходна расправија и меѓусебна физичка пресметка Ш.Т. со нож му нанел повреда на Џ.А.(28) од Р.Албанија, кој бил пренесен во Медицински центар Гостивар за укажување на лекарска помош. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2022 во 02.30 часот Ј.В.(27) од Кочани, пријавил дека на 27.08.2022 околу 22.10 часот на подрачјето на Центар од страна на едно лице, кое било заедно со уште едно женско лице со употреба на физичка сила и закана со остар предмет му одзело паричник. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 02.00 часот С.К.(48) од Скопје пријавила дека на 27.08.2022 околу 22.00 часот на подрачјето на Центар нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друг малолетник со кого се познавале. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.08.2022 во 22.07 часот во СВР Скопје од Градската општа болница "8-ми Септември" било пријавено дека кај нив била донесена Т.Ј.З.(28) од Скопје со повреди здобиени од физички напад. Имено според пријавеното, истиот ден околу 11.00 часот во с.Волково таа била физички нападната од две женски лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 19.45 часот било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров по претходно меѓусебно нетрпение бил нарушен јавниот ред со меѓусебна пресметка помеѓу Г.Г.(50) и Д.Ј.(34) двајцата од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.08.2022 во 17.45 часот било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари по претходни недоразбирања бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Н.Н.(32), С.К.(37) и С.Ш. сите од Скопје, во која биле употребени и тврди предмети. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.08.2022 во 02.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од Организациона Единица Хром се оддалечил нивниот штитеник Ч.С.(16) кој и претходно се оддалечувал од установата и повторно бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 27.08.2022 во 21.30 часот А.А.(32) од с.Чајлане-скопско пријавил дека во с.Чајлане во дворот од неговата куќа од страна на неговиот татко било пронајдено залутано зрно. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 03.15 часот во Полициска станица Куманово С.К.(21) од Куманово пријавил дека на 27.08 и 28.08.2022 во времето од 22.00 часот до 01.30 часот додека бил на неговото работно место како обезбедување во казино во Куманово во неколку наврати Ф.Ј. кого го познавал му упатувал закани со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 22,40 часот во Полициска станица Струга е пријавено дека во 22.33 часот во обложувалница во Струга едно лице со закана кон вработената одземало пари. Се преземаат мерки за расчситување на случајот.

На 28.08.2022 во 01.45 часот во Полициска станица Струга Ј.В.(28) од с. Лескоец, охридско пријавил дека околу 01.30 часот во Струга додека бил со З.Т., бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 00.10 часот во Полициска станица Битола Р.Ј.(49) од Битола пријавил дека на 27.08.2022 околу 03.00 часот пред угостителски објект во Битола по претходно недоразбирање бил физички нападнат од неколку лица кои биле обезбедување во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 19,40 часот во Полициско одделение Теарце Ј.Џ.(41) од с.Слатино, тетовско пријавил дека околу 03.50 часот во и пред казино во с. Теарце, тетовско по претходно недоразбирање бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2022 во 13.30 часот С.П.(42) пријавила дека на подрачјето на Бутел во правно лице бил оштетен таванот од залутан куршум. Се работи на расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет